# Археологијата и Библијата

Наслов на оригиналот
**ARHEOLOGIJA I BIBLIJA**
Mr. sc. Drago M. Obradović

**Превод:**
Проф. Никола Тасевски

**Дизајн:**
Лазар Томовски

**Издава:**
АИК „Знаци на времето"
Скопје, ул Влае бр. 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печати:**
Аркус дизајн

# Археологијата и Библијата

## Разбирање на Библијата преку археолошките пронајдоци

М-р сц. Драго Обрадовиќ




ИТАЛИЈА
РИМ
МАКЕДОНИЈА
Филипи
ГРЦИЈА
МАЛА
Сицилија
Коринт
АТИНА
Ефес
Антиохија
(Писидиска)
Малта
Патмос
Родос
Крит
Средоземно море
(Големо море)
ЛИБИЈА
МЕМФИС
ЕГИПЕТ
Нил


Црно море
Касписко езер
АРАРАТ
АЗИЈА
Едемската
градина?
АСИРИЈА
Харан
Тарсис
НИНЕВИЈА
МИДИЈА
Антиохија
(Сириска)
Тигар
Кипар
СИРИЈА
Еуфрат
Сидон
Тир
Дамаск
ВАВИЛОН
Цезареја
ХАЛДЕЈА
Суза
ЕРУСАЛИМ
ВЕТЕНАТА
ЗЕМЈА
Ур
МОАВ
Кадеш
ЕДОМ
Синај
АРАБИЈА
Црвено
море

*„Вистината ќе никне од земјата.“*

(Псалм 84,11) Библијата

*„Единствени нови факти за Библијата и за библискиот свет доаѓаат од земјата.“*

William G. Dever, археолог

*„Ако посетиме некои од многубројните импресивни места што ги спомнува Библијата, ќе видиме дека со трудот на археолозите од вековниот прав се извадени многу подробности кои ги потврдуваат извештаите на оваа стара Книга.“*

Драго М. Обрадовиќ, археолог

# УВОД

Целта на оваа книга не е да изнесе вчудовидувачки извештаи од возбудливата и богата историја на библиската археологија, ниту да биде патопис од патувањата по библиските земји. Таа е нешто повеќе од збирка впечатоци стекнати при посетите и од личното учество во археолошките експедиции при истражувањето на археолошките локалитети каде што настанувала библиската историја; таа е повеќе од студија на пронајдените археолошки предмети сместени во големите музеи на светот што ги посетил авторот.

Ова дело, не толку големо, е резултат на заедничкиот труд на група колеги археолози истражувачи, предавачи, историчари, публицисти, универзитетски професори и сл. од разни земји на светот и, секако, резултат на трудот и активностите поврзани со разни археолошки локалитети во повеќе земји на Блискиот Исток. Некои од седумнаесетте глави прво се појавуваат во разни списанија: Arheoloski zbornik, Biblical Archaeology Review, Biblical Archaeologist, Odissey, The Ministry и многу други. Преработени и дополнети, овие прилози се собрани во книга - како исполнета желба на бројни пријатели, студенти, радио-телевизиски водители, слушатели, гледачи, новинари и илјадници посетители на предавањата што ги одржал авторот во разни градови и сали во повеќе од триесет земји на светот под наслов **„Сензационални откритија кои го возбудија светот“**.

Читателот ќе разбере дека на ограничен простор од 180-тина страници не може да се прикаже повеќе од само мал дел од богатата археолошка граѓа - граѓа што

ни помага да ја разбереме Библијата која на посебен начин поддржува и потврдува многу нејзини страници. Најискрено се надевам дека ова малечко дело, единствено и прво на хрватски (и македонски) јазик, во голема мера ќе ги осветли спомениците од дамнешното минато кои ја потврдуваат Библијата, осветлувајќи одделни историски личности и настани од неа.

Уредникот

# 1. НАЧИН НА КОЈ СЕ ПИШУВАНИ КНИГИТЕ ВО МИНАТОТО



Кога еден современ писател денес пишува книга, тој седнува на работна маса и пишува на хартија со молив или со хемиско пенкало, користи машина за пишување или текстот го внесува во компјутер. Ако има секретарка, тогаш тој ѝ диктира директно или на диктафон, а таа текстот го пренесува на хартија или го внесува во компјутер. Потоа ракописот оди кај лектор на лектура, па кај коректор на коректура и најпосле кај уредник и тој да го прегледа ракописот. Во процесот на подготовка на книгата е вклучен и дизајнер кој ќе ја дизајнира и така подготвена оди во печатница каде што се печати, се поврзува во книга и се продава.

Дали некогаш сте се прашале како еден писател во старо време пишувал книга? Овој пат не сакаме да се впуштаме

во духовниот и психичкиот процес при пишувањето, туку ќе го опишеме техничкиот процес и материјалот што се користел при пишувањето на книгата. Благодарение на архехеологијата и на некои библиски извештаи, можеме да дадеме прилично добар одговор на нашето прашање. Одговорот ќе покаже дека начинот на пишување во старо време не се разликувал многу од методот и начинот на пишување во нашето време.

## Прво издание на Книгата на пророк Еремија

Во 36 глава од Книгата на пророк Еремија наоѓаме извештај на кој начин пророкот го напишал првото издание на својата книга. Читаме дека Бог му заповедал на пророкот Еремија да земе свиток и да ги напише сите зборови што му ги кажал. Тоа се случило во 605 година пред Христа. Пророкот го повикал својот секретар, Варух, и му ги диктирал вестите и пораките што ги примал од Господа. „*И го повика Еремија*



*Варуха, синот Нириев, и ги напиша Варух во книга како свиток од устата на Еремија сите Господови зборови, што му ги беше кажал Тој*“ (Книгата на пророк Еремија 36,4). Варух бил пратен свитокот да го чита во Храмот пред група јудејски кнезови. Кога го прашале како е напишана книгата, Варух им одговорил: „*Еремија ми ги изговори со своја уста сите овие зборови, а јас, пак, ги запишав со мастило во овој книжен свиток*“ (стих 18). Потоа книгата е читана пред царот Јоаким, а ја читал човек по име Јехуди, но царот бил незадоволен со нејзината




содржина и ја уништил. „*Царот престојуваше во зимскиот дворец и пред него имаше оган со разгорен јаглен. Штом Јехуди ќе прочиташе два-три параграфи, царот ги сечеше со писарско ноже и еден по еден ги фрлаше во огнот, сè додека не беше уништен целиот свиток во огнот, што гореше*“ (стихови 22.23). Кога било уништено ова прво издание, пророкот диктирал второ издание: „*И дојде слово Господово до Еремија, откако царот го изгоре свитокот и зборовите, што беше ги запишал Варух од устата на Еремија, и му беше речено: ‘Земи си пак друг свиток и напиши ги во него сите поранешни зборови, што беа во првиот свиток, кои јудејскиот цар Јоаким ги изгоре*’“ (стихови 27.28).

Ова е најјасен и најкомплетен библиски извештај за пишување на книга во старо време и ние претпоставуваме дека истата постапка е употребена и при пишувањето на другите библиски книги. Секако, не можеме да бидеме сигурни дека сите книги биле напишани на ист начин, но, секако, методот бил сличен.

## Пишувањето - научено звање

Можеби најинтересно во овој извештај е тоа што својата книга пророкот не ја пишувал сам, туку му ја диктирал на својот писар-секретар, Варух. Можеби Еремија не знаел ниту да чита ниту да пишува. Ова не треба да нè изненади, зашто на стариот Исток вештината на пишување воопшто не била широко распространета, туку била ограничена на малечка група луѓе.

Школувањето на еврејскиот секретар-писар веројатно опфаќало долг временски период, особено во земјите кои користеле клинесто писмо,

многу компликуван и тежок систем на пишување. Палестинските писари пишувале со полесно писмо, но, без сомнение, некои од нив знаеле да го користат клинестото писмо и од нив се барало да ги знаат арамејскиот и еврејскиот јазик. Во Вавилон и Сирија писарските школи често се наоѓале во склоп на храмовите, а можеби така било и во Палестина. Во Рас Шамра во Сирија во близина на храмот археолозите ископале остатоци од голема зграда која била библиотека и писарска школа.

## Материјалите на кои се пишувало

Материјалот на кој Варух ги напишал зборовите што му ги диктирал Еремија веројатно бил папирус, *cyperus papyrus*. Ова не се спомнува, но е сигурно дека материјалот бил лесно уништлив и можел да гори во оган: „*Во тоа време, во деветтиот месец, царот престојуваше во зимскиот дворец и пред него имаше оган со разгорен јаглен. Штом Јехуди ќе прочиташе два-три параграфи, царот ги сечеше со писарското ноже и еден по еден ги фрлаше во огнот сè додека не беше уништен целиот свиток во огнот што гореше*“ (стихови 22.23).



Тоа не била глина ниту кожа, а ниту пергамент. Кожата и пергаментот, направени од животински кожи, тешко е да се сечат со ноже и да се палат. Мирисот од



Растението папирус




димот би бил неподнослив.

Пронајдени се многу преписи од старозветното време, но не и библиски ракописи. Има доста причини да мислиме дека повеќето старозаветни книги биле напишани на папирус. Папирусот бил најобичен материјал за пишување, а степенот на писменост бил мошне низок. Дури ни царевите не знаеле да читаат ниту да пишуваат. Еден таков пример е записот за асирскиот цар Асурбанипал кој во своите царски анали се фали дека ја научил „сета вештина на пишување". Во поголем број случаи пишувањето било привилегија на свештенството. Во Израел веројатно постоела професионална класа на писари надвор од свештеничкиот ред. Сигурно е дека поголем дел од народот не знаел ниту да чита ниту да пишува. Оние што морале да се потпишуваат на законските и трговските документи поседувале печати со кои ги запечатувале - ги заверувале тие документи. Мнозина само го ставале знакот X. Така постапуваат и денешните неписмени луѓе, или ставаат отпечаток од палецот. Еврејски збор за „потпис" е *taw*, буквата T, која во старите ракописи изгледала како нашето X. Неколку еврејски зборови можат да се преведат со „писар", „секретар", но највообичаен е зборот *sofer*. Тие поседувале авторитет и сила. Биле повеќе отколку само запишувачи. Царскиот писар (*sofer ham-melek*) бил повеќе отколку само приватен секретар на царот; тој бил државен секретар. Во Новиот завет тоа биле книжевниците.

## Најстаро алфабетско писмо

Археолошките откритија ни овозможиле да запознаеме повеќе примери од алфабетот во најраниот период на неговиот развој. Најстарото алфабетско писмо - од кое настанале сите алфабети на светот - се појавува на натписите на едноставните камени плочи што потекнуваат од Ханан од 18. и 17. век пред Христа.

Археологот sir Flinders Petrie во 1904 година во за-



пуштени рудници на скапоцен камен тиркиз на западен Синај пронашол дваесет и пет кафеави плочки со груби натписи чијашто содржина нема позначителна историска вредност. Но тие плочки покажуваат дека уште пред Мојсеја постоел некаков облик на рано алфабетско писмо. Тоа е прасинајско, рано хананско или прафеничко писмо. На крај од проучувањето Petrie заклучил дека плочките потекнуваат од 15 век пред Христа.

Прочуениот англиски египтолог Alan Gardiner прв успешно ги дешифрирал овие текстови во 1915 година, а ги објавил во 1916 година. Познатиот американски археолог, библиолог, филолог и експерт за стари писма William Foxwell Albright повторно ги проучил овие плочки напишани на западносемитскиот дијалект и на крај заклучил дека Petrie правилно ги сместил во 15 век пред Христа. Овие плочки се чуваат во Египетскиот музеј во Каиро.

Судејќи по сè, семитските работници во египетските рудници Serabit el-Khadem на Синај го донеле со себе ова ал-

*Алфабетот читањето и пишувањето ги приближил до народот. Овој голем пронајдок настанал по Божје провидение непосредно пред Мојсеј да дојде како бегалец во подрачјето на Синај, каде што го затекол писмото приспособено за пишување на библиските книги.*

фабетско писмо што настанало во Ханан. Користејќи ги изменетите облици на египетските слики, тие ги протолкувале и ги примениле на западносемитскиот дијалект. Така Хананците заправо го измислиле наједноставниот и посебно вреден систем на запишување на гласовите на својот јазик.

Во почетокот на 10 век пред Христа алфабетот цврсто се вкоренил зашто него го прифатиле бројни блискоисточни народи. Благодарение на развиените трговски односи меѓу царствата (кралствата), Грците алфабетот бргу го презеле од Феничаните, што потврдуваат и многубројни феничански натписи од разни медитерански краеви. Грците алфабетот го усовршиле и го прилагодиле кон својот јазик, особено со примена на посебни знаци за согласките.



*Феникијска азбука*

Алфабетот читањето и пишувањето ги приближил до народот. Овој голем пронајдок настанал по Божје провидение непосредно пред Мојсеј да дојде како бегалец во подрачјето на Синај, каде што го затекол писмото приспособено за пишување на библиските книги. На тој начин станало можно читањето да не остане



привилегија само на неколку-мина образовани писари кои морале да познаваат стотици симболи со кои се напишани древните текстови. Читањето можел да го научи човек со просечно образование.

При мојата посета на Египетскиот музеј во Каиро во 1979 година ги посматрав овие сиви плочки од Синај и размислував за тоа како Бог води сметка одредени пронајдоци и откритија да се појават во вистинско време. Кога Мојсеј, како прв писател на библиските книги, добил задача да напише историја на стариот свет, за тоа веќе имал едноставни соодветни писмовни знаци.

И верските реформатори од петнаесеттиот век во непосредниот пронајдок на печатарството имале моќен сојузник: Евангелието стана-ло достапно за народот и секој човек директно можел да ја чита библиската порака.

Денес, кога во светот се објавува Божјата последна порака, пронајдени се средства и можности пренесувачите на веста да можат бргу да патуваат, да можат да се видат и нивниот глас да се чуе надалеку, со што Радосната вест за Исуса Христа може да му биде објавена на сиот свет.

Синајските плочки со најстарото алфабетско писмо, кое посетителот на Египетскиот музеј одвај може да ги забележи, сочинуваат вредна алка при пренесувањето на Божјата волја на човештвото, давајќи му можност на наједноставниот запис на божествената објава да се зачува за поколенијата што наидувале.

# 2. КАКО СМЕ ЈА ДОБИЛЕ БИБЛИЈАТА?



Значи, сакате да ја читате Библијата! Знаете ли од каде ни доаѓа таа? Зошто Библијата содржи 66, а не 83 или 102 книги? Зошто римокатоличкиот Стар завет има седум, а православниот единаесет книги повеќе од протестантските или од еврејските изданија?

Развојот на Библијата бил процес во два чекора. Прво, Бог на своите пророци им објавил пораки за својот народ. Некои од тие вести се запишани како писма, а други како закони, поезија, историја или како виденија за иднината. Така вдахновените списи, како што забележува апостол Павле, „*можат да те направат мудар за спасение*”, и корисни се „*за карање, поправање и поучување во праведност, за да биде Божјиот човек усовршен и совршено подготвен за секое добро дело*“ (Второ Послание до Тимотеј 3,15-17). Како што гледаме, вдаховените списи што ги наоѓаме во

Библијата на Божјиот народ му се дадени како секојдневен водич. Но како различните пророчки списи станале Библија? Тоа прашање нè води кон вториот чекор во процесот.

## Настанокот на еврејската Библија

Библијата не кажува како е составена, но знаеме дека во Исусово време израелскиот народ имал *Tanakh*, а христијаните го нарекуваат Стар завет. Исус јасно зборувал за таа збирка на свети списи. На своите следбеници им рекол дека за Него можат да дознаат проучувајќи ги Законот, Пророците и Псалмите. Види ја библиската Книга Евангелие според Лука 24,44. Јудејскиот историчар Јосиф Флавие, современик на апостол Павле, зборувал за истата троделна збирка на светите Писма кога пишувал дека Јудејците имаат само дваесет и една книга кои содржат извештаи за минатите времиња. Се верува дека тие имаат божествено потекло и пет од нив му се припишуваат на Мојсеја. Содржат закони и преданија за настанокот на човештвото до неговата смрт. „Но од смртта на Мојсеја до владеењето на Артаксеркса (423-415 пр. Хр.) ... пророците ... го запишале она што се случувало во нивно време во тринаесет книги. Преостанатите четири книги содржеле славопои посветени на Бога



Книгите на Стариот завет (Tanakh) во ролни




и прописи за однесување на човекот“ (Против Апиона 1,8).

Поделбата на Библијата на три дела што ги спомнуваат Исус и Јосиф Флавие сѐ уште ја сочинуваат основната поделба во еврејската Библија: Тора (Закон), Пророци и Списи. А дваесет и двете книги на Јосиф Флавие ја содржат наполно истата граѓа која ги сочинува триесет и деветте старозаветни книги во протестантската Библија. Стариот завет и еврејската Библија се разликуваат во начинот како се бројат книгите. На пример, во еврејската Библија дванаесетте мали пророци се бројат како една книга, а Прва, Втора, Трета и Четврта книга Царства, Прва и Втора книга Летописи, Ездра и Немија, се бројат засебно. Рута и Тажанките се поврзани со Книгата за Судиите односно, со Еремија.

Евреите кои живееле кон крајот на првиот век имале и други книги што ги сметале за значајни, но не ги вбројувале во службената збирка на вдахновените библиски списи. За тие книги Јосиф Флавие пишува: „Нашата историја е пишувана по Артаксеркса ... но нејзе не ѝ е придаван ист авторитет како на историјата на нашите предци, зашто од тоа време немало точен наследен ред на пророците“ (Против Апиона 1,8). Небибliските списи станале познати како апокрифи. Ќе се осврнеме на нив, но прво треба да го проучиме и утврдиме настанокот на Новиот завет.

## Настанокот на Новиот завет

Свети списи на првите христијани биле списите на еврејската Библија или она



пренесувале усно. А потоа, само неколку десетлетија по Исусовата смрт, Светиот Дух ги поттикнал Марко, Матеја, Лука и Јована да ги соберат неговите кажувања заедно со извештаите за неговите дела (посебно за неговата смрт и воскрсение) и од нив да создадат нов вид литература која ќе стане позната како евангелија - буквално „радосна вест“ (Лука мошне исцрпно опишува како ја собрал граѓата за евангелието кое го носи неговото име; види Евангелието според Лука 1,1-4).

Со текот на времето првата Црква почнала советите на апостолите да ги смета за посебно значајни при решавањето на разни проблеми. Некои од тие совети се нашле во писмата, односно во посланијата. Апостол Павле не се сомневал дека неговите писма се вдахновени. Тој пишувал „*во име на нашиот Господ Исус Христос*“ (2. Солуњаните 3,6.14). Апостол Петар го препознал божествениот автори-

што го познаваме под името Стар завет. Други вдахновени извори во тие први денови на Црквата биле апостолите и Исусовите кажувања. Апостолите се сметани за авторитет делумно затоа што го познавале Исуса и биле сведоци за неговото воскресение (Дела 1,22), а делумно затоа што Светиот Дух ги водел на посебен начин (1. Коринќаните 15,4-9). Освен тоа, пред да се врати на небото, Исус им предал своја власт со налог да ги учат сите како што им заповедал Тој (Матеј 28,18-20). Исус не напишал ниту една книга. Бидејќи неговите следбеници неговите зборови ги сметале како нешто посебно, други учители и проповедници ги

тет во посланијата на апостол Павле, па дури ги изедначил со Стариот завет. „*Павле*”, пишува Петар, „*според дадената му мудрост, како што зборува за тоа и во сите свои посланија, во кои има некои работи тешки за разбирање, што неучените и неутврдените ги изопачуваат, како и другите Писма, за своја погибел*“ (2. Петрово 3,15.16).

Познато ни е дека посланијата на апостол Павле требало да се читаат во другите цркви (види Колошаните 4,16), а тоа веројатно бил случај и со писмата на другите апостоли. Со текот на времето собрани се и апостолските посланија исто како и евангелијата. Првата позната збирка ја востановил кривоверецот Марцион (околу 140-150 г.). Но Марцион имал теолошка наука која се судрувала со науката на Исуса и апостолате. Поради тоа и други направиле збирки со цел таа наука да ја прикажат подобро. Една таква збирка, „Мураториев канон“ (околу 170 г.), ги содржи сите книги на Новиот завет, освен посланието до Евреите, посланието на Јаков и Првото и Второто послание на апостол Петар. Но канонот на Мураториј вклучувал во себе и некои книги што ги нема во денешната Библија.



Во следните двесте години настанале бројни други канони на Новиот завет. Постепено настанало единствено мислење засновано на блискоста на различни писатели со Исуса и со апостолите. Така апостолскиот авторитет (види Матеј 28,20) станал главна одредница за содржината на Новиот завет. Александрискиот бискуп, Атанасие, направил попис на сите дваесет и седум книги на нашиот Нов завет.



Превод Септуагинта

Кон крајот на четвртиот век христијанската Црква го прифатила тој канон и сите гранки на христијанската Црква - православната, римокатоличката и протестантската - сѐ уште го сметаат за вдахновен. Согласувањето околу Новиот завет не значи дека таква согласност постоела и околу Стариот завет.

## Што да кажеме за апокрифите?

Најголема разлика меѓу римокатоличката и протестантската Библија се состои во тоа што римокатоличкиот канон на Стариот завет го сочинуваат четириесет и шест наместо триесет и девет книги, а православниот канон го сочинуваат педесет наместо триесет и девет книги. Од каде, ќе помислите, се појавиле тие седум, односно единаесет додатни книги? Дел од договорот се наоѓа во грчкиот превод на еврејската Библија позната како Септуагинта или превод на седумдесетмина. Тој превод на Стариот завет настанал пред почетокот на христијанската ера и со него обилно се служеле новозаветните писатели.

Зошто тогаш протестантите не ги прифаќаат апокрифнити книги? Главна причина за тоа е што Евреите никогаш нив не ги прифатиле. Поправо, нема доказ дека апокрифните книги биле дел на Септуагинтата. Сите примери на Септуагинтата што постојат денес се со христијанско, а не со еврејско потекло. Најраниот примерок потекнува од 350. година - околу петстотини години откако Септуагинтата е довршена.

Освен тоа, Евреите кои се служеле со Септуагинтата, како Филон Александриски (околу 20. г. пр. Хр. - 50. г. по Хр.), не цитираат од апокрифните книги, иако цитираат од канонските. Така и писателите на Новиот завет цитираат од 19 од вкупно 22 книги на еврејската Библија, но ниту еднаш од апокрифните книги. Тие книги ниту Евреите, ниту апостолската Црква не ги сметале како вдахновени.

Во текот на првите петстотини години од христијанската ера апокрифните книги сè повеќе се употребувале во Западната црква. Ни во тој случај не се сметале за канонски на ист начин како книгите на еврејската Библија. Сметани се за помалку вдахновени од останатиот канон. Проблемот се заострил во текот на протестантската реформација во 16 век. Реформаторите ги отстраниле апокрифните книги од Стариот завет и ги ставиле меѓу двата завета. Со тоа укажале на нивната неканонска положба. И така, иако апокрифите главно се појавувале во протестантските Библии сè до средината на 19 век, протестантите не ги сметале за Свети писма.

Постапката на протестантите ја поттикнала Римокатоличката црква на дејствување. Впрочем, некои апокрифни доктрини што ги отфрлиле реформаторите (како науката за чистилиште), не можеле да се докажат ниту од еврејската Библија ниту од Новиот завет. За да ги заштитат таквите доктрини, во април 1546 год. на Четвртиот концил во Тридент на апокрифните книги им е дадена канонска



Апокрифи

вредност и тие се изедначени со другите книги на Светото писмо. За да биде декретот делотворен, Концилот додал: „Ако некој не ги прифати како свети и канонски горе наведените книги во целост или во сите делови, како што е вообичаено да се чита во Католичката црква и како што се наоѓаат во старото латинско издание Вулгата ... нека биде проклет" (Canons and Decrees of the Council of Trent, превод H. J. Schroeder, Rockford III., Tan Books, 1978, str. 18).

Нашето прифаќање на канонот на Светото писмо до некаде почива врз нашата вера, токму како и нашето верување во создавањето, отелотворението и воскресението. Но таа вера има свој сигурен темел. Ние цврсто веруваме дека Бог се грижи за својот народ, дека ги вдахнал (инспирирал) пророците, но едновремено Тој се погрижил за него да ги сочува оние свети текстови кои содржат информации потребни за спасението.

Се чини дека гледиштето што го зазела првата христијанска Црква е најсигурно. Првите христијани ги прифатиле само оние старозаветни книги кои Евреите и апостолите ги сметале за божествено вдахновени или божествено инспирирани. И тие како Нов завет ги прифатиле само оние книги кои биле тесно поврзани со апостолскиот авторитет и не биле противречни на Стариот завет. Накратко, можеме да бидеме благодарни на Бога што ги сочувал најзначајните документи во историјата на човечкиот род.



# 3. КОЈ ОДЛУЧИЛ КОИ КНИГИ ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО БИБЛИЈАТА?



Многу христијани читањето на Библијата го сметаат за голема вредност, зашто веруваат дека таа е дадена со Божје вдахновение. Меѓутоа, дали некогаш сте се прашале кој одлучил кои книги ќе бидат вклучени во збирката на книгите што ја познаваме како Библија? Зборот „канонизација”, којашто ја означува постапката со која книгите биле ставени или исфрлени од Библијата, потекнува од грчкиот збор канон, чиешто основно значење е „правило”. Поради тоа, книгите што се ставени во нашата Библија понекогаш се нарекуваат канонски, иако зборот канонизација опфаќа многу повеќе отколку прописи подложни на одредени правила.

Овде ни се наметнува прашањето зошто првите христијански заедници одредени книги ги сметале како свети и вдахновени. Нашиот пристап кон ова прашање одредува дали веруваме дека Библијата, каква што ја имаме

денес, настанала под влијание на Светиот Дух во првата Црква или пак, како што тврдат некои, за тоа се одговорни политичките власти во времето на Константина. Бидејќи Библијата се состои од Стар и Нов завет, на ова прашање ќе одговориме во два дела.




## Канонот на Стариот завет

Кој одлучил кои книги ќе влезат во Стариот завет? На ова прашање не можеме да одговориме одредено поради недостиг од историски извори. Не ни е точно познато ниту времето кога е донесена оваа одлука. Експертите кои ја застапуваат историската критика веруваат дека Библијата стекнала авторитет постепено. Тие сметаат дека триесет и деветте книги од еврејската Библија, кои се поместени во три главни дела (Закон, Пророци и Списи), укажуваат на три степена од развојот во процесот на канонизацијата. Според тоа гледиште, Законот - под кој се подразбираат Мојсеевите книги, наречени и Петокнижје - бил канонизиран околу 400-та г. пред Христа. Пророците во текот на првиот век пред Христа, а Списите во текот на првиот век по Христа.

*Конзервативно мислење.* Според ова мислење, сторијата е наполно поинаква. Јасно е дека книгата Закон (Петокнижје) се сметала за Божја реч уште од најраните почетоци. Низа библиски цитати укажуваат на фактот дека во самиот Закон наоѓаме тврдења кои кажуваат дека тој е вдахновен. Во подножјето на Синај Мојсеј *„ја зеде книгата на заветот и му ја прочита гласно на народот, а тие рекоа: 'Сè што рекол Господ ќе правиме и ќе бидеме послушни'“* (Втора книга Мојсеева 24,7). Многу столетија подоцна, по вавилонското ропство,

Ездра чита од книгата „*на Мојсеевиот закон, што Господ му ја беше дал на Израел*“ (Книгата на Немија 8,1), а која народот ја прифатил како устав за своја обнова на државата. Почитта која Израелците им ја укажуваат на Мојсеевите книги - кои уште се нарекуваат „*Мојсеев закон*”, „*Книга на законот*“ и „*Божји закон*“ - укажува на почесното место што го уживале Мојсеевите книги (Немија 8,3.8).

Не ни е познато како се сочувани овие книги. Претпоставуваме дека Ездра и Немија можеле да бидат вклучени во собирањето на книгите од кои се состои старозаветниот канон. Меѓутоа, ни едно лице, ниту дури неколкумина, не одлучувале кои книги ќе бидат вклучени во Стариот завет затоа што во текот на израелската историја постоеле одделни луѓе кои биле признати како Божји пророци, а оно што тие го кажале и го напишале се сметало за Божја реч. Писателите не мореле да чекаат нивното дело да помине испит на времето за нивниот авторитет да биде признат. Нивните дела се прифатени како Свето писмо затоа што се сметало дека она што го зборувале и го пишувале било дадено од Бога.

*Кога настанал еврејскиот канон?* Според еврејската традиција, голем дел од еврејскиот канон настанал во времето на Ездра и Немија. Неканонската книга, која се вика Втора книга за Макабејците, ги спомнува списите и спомените на Немија, и неговата библиотека во која имал кни-



ги за царевите, за пророците и за Давида (Втора книга за Макабејците 2,13). Еврејскиот историчар Јосиф Флавие тврди дека Евреите, наспроти Грците, кои имале безбројно мноштво книги, имаат само дваесет и две книги. Спомнал дека овие книги „содржат извештаи за сите минати времиња, а тие со право се сметаат за божествени, од кои пет му припаѓаат на Мојсеја и ги содржат неговите закони и преданија за потеклото на човечкиот род до неговата смрт. ... Но, во врска со времето од Мојсеја до владеењето на персискиот цар Артаксеркс ... пророците, кои живееле по Мојсеја, во тринаесет книги запишале сè што се случило во нивното време. Преостанатите четири книги содржат славопои посветени на Бога и прописи за животот."

Јосиф Флавие јасно кажува дека пророците уште во времето на Ездра и Немија имале свое место во севкупните списи и дека тие списи се сметани за Свето писмо.



Тој пишува: „Вистина е дека нашата историја, којашто е пишувана по Артаксеркса, е мошне детална, но нејзе не ѝ е придаван ист авторитет како на историјата на нашите предци, зашто од тоа време немало точен наследен ред на пророците." Без сомнение, пророчките книги, како и Петокнижјето, се сметани за вдахновени уште од мигот кога се напишани.

Освен сведоштвата на историчарите, и во самата Библија постојат докази кои покажуваат дека во времето на Даниела и Захарија, Законот и постарите пророци (од Исуса Навина до Книгите Царства) се сметани за свети списи. На пример, библиската книга на пророк Захарија 7,12 (околу 518. г. пр. Хр.) ја спомнува тврдокорноста на народот „*за да не го слушнат Законот и зборовите што ги испраќаше Господ Саваот преку својот Дух до поранешните пророци*". А книгата на Еремија Даниел ја сметал за еднакво вдахновена како и Мојсеевиот Закон (Даниел 9,2.11).

Третиот дел од еврејската Библија, наречен Списи, како збирка е малку постара од книгата Пророци. Уводот во грчкиот превод на Книгата на мудроста (апокрифна книга од 2 век пред Христа) постојано спомнува три дела на Стариот завет, покажувајќи дека тој трет дел во тоа време веќе бил признат како канонски.

*Првата христијнска Црква го следела Исусовиот пример и Стариот завет го сметала за вдахновен*

## *Канонот на Новиот завет*

Првата христијанска Црква го следела Исусовиот пример и Стариот завет го сметала за вдахновен (види: Евангелието според Матеја 5,17-19; 21,42; 22,29; Евангелието според Марко 10,6-9; 12,29-31). Заедно со Стариот завет, Црквата



ги прифатла и ги почитувала Исусовите зборови како еднакво вдахновени (Првото послание до Коринќаните 9,14; Првото послание до Солуњаните 4,15). Поинаку и не можело да биде, бидејќи Исус бил прифатен не само како пророк, туку и како Месија, Божји Син. По Исусовата смрт и неговото воскресение, апостолите биле најпогодни за ширење на Исусовите зборови. Впрочем, Исус им рекол дека ќе бидат негови сведоци затоа што од почеток биле со него (Евангелието според Јована 15,27). Како Црквата растела и апостолите станувале свесни дека ќе изумрат, се појавила потреба

***Како што бил случај со книгите на старозаветните пророци, списите на апостол Павле и на другите апостоли веднаш се прифатени како вдахновени (инспирирани), зашто писателите биле познати како изворни говорници во Божје име.***

Исусовите зборови да се запишат (Второто послание на апостол Петар 1,12-15). Освен апостолите, кои биле сведоци за Божјето спасение во Исуса Христа, никој друг не носел поголем товар од нив да се сочува и веродостојно да се изнесе она што се случило.



Така е поставена сцена за настанок на книгите кои, под водство на Светиот Дух, со текот на времето ќе станат канон на Новиот завет.

Околу две десетлетија по крстот, Исусовата вест се објавувала усно. А потоа, од средината на првиот век, почнале да се појаву-

ваат посланијата на апостол Павле. Малку подоцна се напишани трите синоптички евангелија (Матеј, Марко и Лука) и Делата на апостолите. До крајот на првиот век, кога Јован го напишал Откровението, довршени се сите книги на Новиот завет. Во целиот Нов завет тежиште е ставено врз она што го сторил Бог во Христа (Првото послание до Коринќаните 15,1-3; Евангелието според Лука 1,1-3).

*Книгите на Новиот завет се признати како Свето писмо*. Како што бил случај со книгите на старозаветните пророци, списите на апостол Павле и на другите апостоли веднаш се прифатени како вдахновени (инспирирани), зашто писателите биле познати како изворни говорници во Божје име. Самите писатели биле свесни за фактот дека изнесуваат Божја вест, а не свои мислења. Во Првото послание до Тимотеја 5,18 Павле ја следи формулата „*Писмото ... вели*“, цитирајќи ја Петта книга Мојсеева 25,4 и Евангелието според Лука 10,7, со што старозаветните Писма и новозаветните евангелија ги поставува на исто ниво на вдахновение. Во Првото послание до Солуњаните 2,13 Павле ги пофалува христијаните во Солун затоа што неговите зборови ги прифаќаат како „реч Божја“. И Петар во Второто послание 3,15.16. списите на апостол Павле ги сметал за делови на Светото писмо.

Во текот на вториот век повеќето цркви имале и признавале збирка на вдахновени книги која ги опфаќала четирите евангелија, Делата на апостолите, тринаесетте посланија на апостол Павле, Првото послание на апостол Петар и Првото послание на Јован. За другите седум книги (Посланието до Евреите, Посланието на Јакова, Второто послание на апостол Петар и Второто и Третото послание на апостол Јован, Посланието на Јуда и Откровението) требало повеќе време да бидат општоприфатени. Црковните отци од раниот период - на пример, Клемент Римски

(дејствувал околу 100-та г.), Поликарп (околу 70-155 г.) и Игнацие (умрел околу 115 г.) цитирале од повеќето новозаветни книги (нема потврда само за Евангелието според Марко, за Второто и Третото послание на апостол Јован и за Второто послание на апостол Петар) на начин кој покажувал дека овие книги ги прифатиле како вдахновени. Меѓутоа, вдахновението на овие книги на Новиот завет не им е припишано дополнително, туку тоа уште од почеток им било својствено.

*Причини за создавање на канонот на Новиот завет.* Во периодот од околу четири века, кога новозаветниот канон бил обликуван (посебно дефиниран попис на овие книги), значајна улога одиграле низа фактори. Примарна причина за вклучување на новозаветните книги во канон била нивната својствена автентичност, односно нивното вдахновение. Но за тоа придонеле и други фактори.

Еден од клучните фактори што помогнале да се востави новозаветниот канон: Во текот на 2 век во христијанството се појавиле неколку еретички движења. Познатиот еретик, Марцион, раскинал со Црквата околу 140. г. и направил свој попис на христијанските книги кои би биле канон за верата и богослужението. Како вдахновени Марцион ги прифатил само во прилагодена верзија Евангелието според Лука и десет посланија на апостол Павле. Едновремено се појавиле поголем број христијански списи кои тврделе дека изнесуваат непознати подробности за Христа и за апостолите. Многу од овие книги ги напишале поединци кои им припаѓале на еретичкото движење на гностицизмот. Гностиците проповедале спасение преку таинствено знаење (грч. gnosis). Низа евангелија за Исусовото „детство“ содржеле подробности од скриените години од Христовиот живот. Бројни апокрифни книги, кои имале наслов „Дела“, ги изнесувале делата на апостол Петар, на апостол Павле, на

апостол Јован и на повеќе други апостоли, а неколку апокалипси опишувале преживеалици на апостолите на нивните лични патувања по небото и пеколот. Денес овие списи се познати како новозаветни апокрифи.

Во овој период се објавени пописи на книгите пишувани од страна на апостолите или на нивните соработници. Меѓу овие пописи се наоѓаат Мураториевиот канон од крајот на вториот век, пописот на Евзебиј Цезарејски од почетокот на четвртиот век и пописот на Атанасие Александриски од средината на четвртиот век. Првите два пописа биле непотполни, зашто содржале само дваесет од вкупно дваесет и седум новозаветни книги. Целиот новозаветен канон опширно е изнесен во велигденското писмо на Атанасие од 367 година и ги содржи сите дваесет и седум новозаветни книги, а сите други се исфрлени. Во текот на четвртиот век неколку црковни синоди, каков што е Концилот во Рим (382 г.), во Хипо (393) и во Картага (397), ги прифатиле сите дваесет и седум книги на Новиот завет како канонски. Иако еретичките движења и црковните концили имале одредена улога при формирањето на канонот, желбата, веќе очигледна во Новиот завет, верно да се




сочуваат настаните поврзани со она што го сторил Бог во Христа, покажува дека движечка сила зад историскиот новозветен канон била верата на Црквата. „Многу од тоа што станало јатка на новозаветниот канон ... веќе било неслужбено и општо признато како Свето писмо кога Црквата почнала да го разгледува и да го одобрува пописот кој би го ограничил христијанското Писмо.“ Во врска со канонот




на Новиот завет Bruce M. Metzger исправно кажува за синодот во Лаодикија: „Декретот прифатен на овој собир само го признал фактот дека веќе постојат одредени книги, општо признати како погодни да се читаат на јавното богослужение во црквите, а кои се познати како ‘канонски’."

## Заклучок

Кој одлучил кои книги ќе бидат ставени во Библијата? Нашето кратко разгледување покажа дека книгите на двата Завета, кои станале дел на библискиот канон, имале сами по себе потврдена веродостојност. Старозаветните книги се сметани како автентични благодарение на писателите кои недвосмислено изјавиле дека она што го зборуваат и пишуваат е од Бога. Новозаветните книги имале непосреден авторитет бидејќи верно сведочеле за настаните и за значењето на Божјето дејствување преку Христа.

Поголем дел од старозаветниот канон е утврден среде јудаизмот до вториот век пред Христа, иако расправиите за него траеле уште неколку векови. Од историјата знаеме дека конечниот облик на новозаветниот канон постоел во четвртиот век. Иако еретичките движења и црковните концили имале улога при конечното обликување на новозаветниот канон, Црквата не одлучила кои книги ќе бидат вклучени во канонот. Црквата ги препознала и ги признала вдахновението и самопотврдата на авторитетот на дваесет и седумте новозаветни книги и канонот го ограничила на овие книги.

# 4. ПОСТОМОДЕРНИСТИЧКАТА КРИТИКА НА БИБЛИЈАТА И НАЈНОВИТЕ АРХЕОЛОШКИ ДОКАЗИ



*Соочени со предизвиците на постмодернизмот, библиските научници и историчари сè повеќе се свртуваат кон археологијата како примарен извор на информации за библиската историја.*

Уште од почетоците на археолошките истражувања на древниот Блиски Исток во 1799 година, ниту една друга дисциплина не прибавила повеќе нови податоци и сознанија за луѓето, за местата и за настаните во Библијата.

Археологијата во своето истражување ја опфаќа целата земјина топка и настојува да ги разбере старите култури и нивниот начин на живеење со помош на изучување на материјалните остатоци од минатото, влијаејќи врз нашето разбирање за потеклото на современите цивилизации. Тој мост меѓу она што сме биле и она што сме станале низ цел свет ги восхитува лу-

***Уште од почетоците на археолошките истражувања на древниот Блиски Исток во 1799 година, ниту една друга дисциплина не прибавила повеќе нови податоци и сознанија за луѓето, за местата и за настаните во Библијата.***

ѓето кои поставуваат длабоки прашања: Кој сум? Од каде сум потекнал? Зошто сум овде? Денес, по исчезнувањето на модернизмот, постмодернизмот станал главна основа за создавање на нови погледи на светот. Иако поради својата филозофска премиса не дозволува да се дефинира, Os Guinness понудил ваков одговор: „Онаму каде што модернизмот беше манифест на човечката самоувереност и подготвеност да си честита себеси, постмодернизмот претставува исповедање на скромност, ако не и очај. Нема една вистина, туку многу вистини. Не постои една голема причина, туку само причини. Нема привилегирана цивилизација (или култура, верување, норма и стил); единствено повеќекратност на културите, на верувањата, на нормите и стиловите. Нема сеопшта правда; само интереси и натпревар на интересни групи.“ На крај, пишува оксвордскиот теолог Alister McGrtah, „тоа разочарување со модернизмот“ создало филозофија што е „вистина дека нема вистина”. Таа главна премиса довела до радикално редефинирање на Библијата, што резултирало со нов развој на критиката на библиската историја.

Niels Peter Lemche од универзитетот во Копенхаген пишува дека „историските сеќавања на израелската рана историја не треба да се бараат во старозаветниот историски наратив”, и затоа „не можеме да ја задржиме библиската историја на стариот Израел”. Уште во една неодмна објавена збирка на стручни трудови под наслов: *Can A „History of Israel“ Be Written (Може ли да се напише „Историја на*

*Израел*"), Hans M. Barstad заклучува: „Кога историската (проверлива) вистина би требало да биде наша единствена преокупација, историјата на Израел не би била само мошне кратка (напишана на десетина страници), туку и потполно здодевна."

Некој би можел да ги отфрли тие расправии како нешто премногу апстрактно и одвоено од секојдневниот живот и да се запраша какво непосредно влијание има тоа врз популарното мислење. Меѓутоа, таа редефиниција нашла место во главните наслови на популарниот печат. Еден прилог во списанието *U.S. News and World Report* е насловен како „Борба за историјата." Според една популарна книга, која може да се добие во повеќето книжарници, насловена како *The Bible Unearthed (Откопана Библија)*, од Israel Finkelstein i Neil Asher Silberman, новото видување на стариот Израел ни кажува дека „историската сторија содржана во Библијата - од средбата на Аврама со Бога ... до подемот и падот на израелското и Јудиното царство - не била само чудесно откровение, туку и брилијантен производ на човечката мечта." Мнозина, кои ги читаат тие извештаи, се соочуваат со сериозни прашања што ја погаѓаат самата суштина околу сигурноста на Библијата. Или, како што еден неодамнешен бестселер прашува во насловот: *Дали Библијата е вистинита?* За постмодернистот тие прашања стануваат сè позначајни, а пред христијанството поставуваат предизвик за животот на светот кој толку бргу се менува.

***Археологијата во своето истражување ја опфаќа целата земјина топка и настојува да ги разбере старите култури и нивниот начин на живеење со помош на изучување на материјалните остатоци од минатото.***

William G. Dever, истакнат блискоисточен археолог, одговара на тие напади во неодамна објавената книга под наслов *What Did Biblical Writers Know and When Did They Know It? (Што знаеле библиските писатели и кога го знаеле тоа?)* „Иронија е што најголемиот напад врз Библијата и нејзината веродостојност и во историска и во теолошка смисла, во најново време потекнал не од традиционалните непријатели - атеистите, скептиците, па дури ниту од 'безбожните комунисти', од кои луѓето што веруваат во Библијата до неодмна се плашеа - туку од добронамерните пријатели на Библијата.“ Археологијата е една од најважните дисциплини која ни овозможува да се одбраниме од постмодерниот ревизионизам благодарение на тоа што стотици археолози работат секоја година на откривање на минатото. Најновите откритија во последните петнаесет години дадоа уверливи одговори поткрепени со фактички докази




против постмодерниот критицизам. Во оваа кратка глава ќе погледаме неколку такви подрачја.

## Личности: Давид и Голијат

Историјата за Давида и Голијата со векови ја пленела мечтата на проучувачите на Библијата. Тоа е извештај за верата на незаштитеното момче кое му се противставило на филистејскиот воин во оклоп. Тоа е сторија за израелската војска која се стуткала во Теревинтската Долина, а Филистејците им се подбивале и ним и на нивниот Бог. Пет каменчиња против железни штитови, шлемови и мечеви. Но каква историја се крие зад оваа сторија? Дали Голијат и Давид навистина постоеле?